Република Северна Македонија
**Влада на Република Северна Македонија**

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

# Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст

# ЦЕЛ

Поддршка на домашните компании да создадат услови за надминување на последиците од економската криза, да остварат забрзан раст, да ја зголемат конкурентноста на меѓународните пазари и отпорноста на пандемиски и климатски кризи, преку воведување на нови, иновативни, напредни, „зелени“ и дигитални технологии за нивна трансформација.

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФИТР
ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

# КАКВИ АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАМЕ

- Набавка и воведување на нови, иновативни, напредни, „зелени“ и дигитални технологии за трансформација на производствените и деловните процеси;
- Развој и воведување на нови по-еколошки процеси и стандарди за производство и работа;
- Набавка и воведување на нови дигитални решенија (софтвер, алатки, лиценци и сл.) и развој на дигитални бизнис модели, кои може да вклучуваат дигитализација на каналите за продажба и набавки;
- Градење на капацитетите на менаџментот и вработените за примена на новите технологии;
- Подобрување на продуктивноста и ефикасноста на производствените и/или деловните процеси;

Листата на активности не е ограничувачка.

ПЛАН за ЕКОНОМСКИ РАСТ

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

# ФИТР КОФИНАНСИРАЊЕ

**микро претпријатија**
до **2,500,000** денари и
**70%** од вкупен буџет на проект

**мали претпријатија**
до **5,000,000** денари и
**70%** од вкупен буџет на проект

**средни претпријатија**
до **10,000,000** денари и
60% од вкупен буџет на проект

ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА ПОВИКОТ ИЗНЕСУВА
**6 МИЛИОНИ ЕВРА**

**АПЛИКАНТОТ ОБЕЗБЕДУВА**
**30% (за микро и мали претпријатија ) односно 40% за средни претпријатија од вкупниот буџет на проект**

РОК НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ
ДО **18 МЕСЕЦИ**

ПЛАН за ЕКОНОМСКИ РАСТ

# ЗА КОГО Е НАМЕНЕТ

- Трговско друштво или приватна здравствена установа
- Да не е поврзан (согласно Законот за трговските друштва) со друго претпријатие и/или ПЗУ чии годишни приходи надминуваат 10.000.000 (десет милиони) евра и просечен број на вработени да не надминува 250 во претходните две фискални години;
- Против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- Да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФИТР Фонд за иновации и технолошки развој

# ЗА КОГО Е НАМЕНЕТ

- Против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;
- Апликанти со над 3 (три) години на постоење до моментот на аплицирање да немаат остварена загуба согласно финансиските извештаи за последните две календарски години;
- Да нема доспеани, а неподмирени обврски со доцнење над 90 дена кон финансиски институции заклучно состојба на крај на месец Февруари 2020, односно пред почеток на кризата предизвикана од Ковид 19, издадена од Македонско кредитно биро;
- Да ги исполнува условите од Законот за контрола на државна помош и за истата намена/мерка да не добива државна помош од два различни извори, поради тоа што таквата помош не е дозволена.

ПЛАН за ЕКОНОМСКИ РАСТ

# ПОДОБНИ ТРОШОЦИ

- Бруто плати за вработените лица кај апликантот кои ќе бидат ангажирани на проектот;
- Трошоци за техничка поддршка (експертиза), истражување, развој, дигитализација (пр. тестирање, лабораториски услуги и слично);
- Набавка и изнајмување на опрема, софтвер, ИКТ алатки, суровини;
- Трошоци поврзани со спроведување на план за технолошки развој на компанијата;
- Други оперативни трошоци

**Само трошоците направени за време на проектот во согласност со одобрениот буџет и реализирани до крајот на проектот се подобни за финансирање.**

# МЕХАНИЗАМ ЗА ПОВРАТ НА СРЕДСТВАТА

Повратот на финансиската поддршка доделена од страна на Фондот се врши по стапка од 7,5% од оперативната добивка на корисникот, до остварување на поврат на 105% од износот исплатен од страна на Фондот или за период од 5 години по завршувањето на проектот, во зависност од тоа кој услов е прв остварен.

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФИТР Фонд за иновации и технолошки развој

# КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ:

| ТЕХНОЛОШКИ НАПРЕДОК И СТЕПЕН НА ДИГИТАЛИЗАЦИИЈА | КВАЛИТЕТ НА ПРОЕКТОТ | КАПАЦИТЕТ НА ПРОЕКТНИОТ ТИМ | ВЛИЈАНИЕ |
|---|---|---|---|
| 35 ПОЕНИ | 10 ПОЕНИ | 10 ПОЕНИ | 45ПОЕНИ |

**Предност имаат проекти на компании со жени управители и различни региони. Целта е придонес кон рамномерен регионален развој и поттик на женско претприемништво.**

ПЛАН за ЕКОНОМСКИ РАСТ

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФИТР Фонд за иновации и технолошки развој

# ПРОЦЕДУРА ЗА ОЦЕНКА И СЕЛЕКЦИЈА

## ПРВА ОЦЕНКА

### Претселекција

- Проектот е евалуиран од страна на три домашни стручни лица од 22 области на експертиза.
  Сите проекти кои ќе добијат просечна оценка од минимум 51 поен продолжуваат во следна фаза.

## ВТОРА ОЦЕНКА

- Проектите ги разгледува Комитетот за одобрување инвестиции (КОИ) – независно тело составено од тим од пет странски експерти
- Јавна презентација (пичинг) – опционално (по барање на КОИ)

## ДОНЕСУВАЊЕ НА КОНЕЧНА ОДЛУКА

## ПОТПИШУВАЊЕ НА ДОГОВОР И ПОЧЕТОК НА ПРОЕКТ

За одбиените апликанти воведуваме нова менторска програма со цел да ги доразвијат своите проекти и да аплицираат во иднина

ПЛАН за ЕКОНОМСКИ РАСТ

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

# ЧЛЕНОВИ НА КОМИТЕТОТ



**Марвин Лиао, Претседател на КОИ**

Лиао е поранешен комерцијален директор во Yahoo!, поранешен партнер во 500 Startups и Бизнис Ангел



**Ашер Сидики**

Сидики има над 20 години искуство во корпоративен развој, со реализирани зделки вредни околу 8 милијарди американски долари. Меѓудругото бил и дел од менаџерскиот тим кој ја водеше трансформацијата на „Етисалат“ во ОАЕ



**Ноел Грегор Патерсон Џонс**

Џонс е меѓународен експерт и член на Европскиот инвестициски стратешки фонд како и специјален советник на Светска Банка за програмата за обврзници во Уганда



**Гунтер Фелингер**

Фелингер е Генерален Секретар на CEE BC – Австрија. Повеќе од 28 години придонесува за трансформација на бизнис секторот во Централна и Источна Европа



**Вибу Шарма**

Д-р Шарма е експерт во областа на циркуларна економија, со повеќегодишно искуство во иновации и лансирање на нови производи

ПЛАН за ЕКОНОМСКИ РАСТ

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФИТР Фонд за иновации и технолошки развој

# КАКО ДА АПЛИЦИРАТЕ

**ПРОЦЕСОТ НА АПЛИЦИРАЊЕ Е ИСКЛУЧИВО ОНЛАЈН!**

Сите информации поврзани со повикот, потребната документација и начинот на аплицирање ќе ги најдете на **https://fitr.mk/zabrzan-ekonomski-rast/**

**За сите дополнителни прашања пишете ни на** zabrzanrast@fitr.mk

ПЛАН за ЕКОНОМСКИ РАСТ